Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и врз основа на член 3 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето и дополнување на барањето на ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 22-02-2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.УП08-03 од 12.02.2021 година, и дополнување на Барање бр.УП08-03 од 18.02.2021 година, за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник и за две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање и дополнување на барањето со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.302/2020).

На ден 22.02.2021г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на ХАУСЛУКС ДООЕЛ Подружница „ХАУСЛУКС ПЛУС" Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. УП08-03

Од 22.02.2021год.

Скопје

Член на

Регулаторна комисија за домување

М-р Башким Алили

23.02.2021

Даниел Маринковски